ПРЕС ВО МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ-СКОПЈЕ

# МСУ не го оневозможил државното учество во Венеција

Директорот Зоран Петровски ги нарече „лажни конструкции“ обвинувањата дека Музејот на современата уметност го оневозможил учеството на проектот „Шлем-уметноста како заштита“ на Петар Хаџи Бошков на Венециското биенале. Иако со мали шанси, Музејот не се откажува од намерата во Венеција да се претстави со свој проект, без помош од државата.

Драган Бошнакоски, комесар на македонската презентација во Венеција, рече дека Музејот на современата уметност, конфронтирајќи се со Уметничката галерија „Скопје“ и со преписката што ја водел за да го претстави својот проект на Биеналето, направил забуна кај организаторите и придонел за годинашното неучество на Македонија на најголемата светска ликовна манифестација. Таму, според одлука на посебна комисија во Министерството, требаше да изложува Хаџи Бошков, а за куратор на проектот беше избрана Сузана Милевска. Со образложение „нема пари“, решението за неучество го донесе министерот Димитар Димитров.

Изразувајќи жалење поради неучеството на Хаџи Бошков на Биеналето, Петровски рече дека „учество на две институции од нашата земја е само еден голем плус за Македонија“. Тој истакна дека МСУ во ниеден момент не се пријавил за да биде национален претставник, туку пријавил учество независно од она на државно ниво. Музејот бил спремен да обезбеди спонзори за претставување на својот проект „Крајот на векот и меланхонијата“, авторство на Искра Димитрова, Јован Шумковски и Тони Мазневски, а не била исклучена можноста уметниците сами да го финансираат учеството.

За тоа каква била „ситуацијата околу Биеналето“, Петровски ги наведе распишувањето на конкурсот, кој според него бил „штур и неосмислен“ и фактот што министерот Димитров барал информации од МСУ за тоа „како стојат работите со Биеналето“, истовремено кога комисијата ја донела одлуката кој да оди во Венеција. Идејата за учество на МСУ на Биеналето потекнала од уметниците, зашто не сакале „проектот да остане во фиока“.

Сузана Милевска забележа дека во тој случај уметниците требало да контактираат со Биеналето, а не директор на државна институција. **(Л.Г.Д.)**

Дневник, 8. 4. '99, 5